Врз основа на член 12 став (2) од Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 267/20), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ НА МЕСЕЦИТЕ АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ 2020 ГОДИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за пресметување на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за месеците април, мај и јуни 2020 година.

Член 2

Барањето за пресметување на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за месеците април, мај и јуни 2020 година, доколку работодавачот е обврзник на данокот на добивка или на годишен данок на вкупен приход, се поднесува на образец „ДД-ГДВП/БВФП-1” отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за пресметување на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за месеците април, мај и јуни 2020 година, доколку работодавачот е обврзник на данокот на доход од вршење на самостојна дејност, се поднесува на образец „ДБ-БВ-ФП/2” отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-9041/1
25декември 2020 година
Скопје

Министер за финансии
dr. Fatmir Besimi с.р.

Правилник за формата и содржината на барањето за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати на месеците април, мај и јуни 2020 година